# ГРАДОТ

од

БИЛЈАНА НАЧОВСКИ



Инв. бр. 644
вим. подарок
Јавна локална библиотека ИЛИНДЕН Делчево

**ГРАДОТ**
**Издавач:**
Здружение за наука култура и литература
**„Златно перо**“-Битола

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-1

НАЧОВСКИ, Билјана
Градот / Билјана Начовски. - Битола : Здружение за наука култура
и литература Златно перо, 2018. - 69 стр. : слика ; 21 см. - (Современа
македонска поезија)

Слика и белешка за авторката: стр. 69

ISBN 978-608-66092-2-1

COBISS.MK-ID 109244170

**СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА**
„Градот“

Издава:
Здружение за наука култура и литература
**„ЗЛАТНО ПЕРО“-БИТОЛА**

Уредник:
**ОЛГА НАУМОВСКА**

Технички уредник:
**ВАСКО НАУМОВСКИ**

Рецензент:
**ОЛГА НАУМОВСКА**

Корица:
**ЗОРАН БАБИНКОСТОВ**

Печати:
**ПОЛИГРАФИКА**

Тираж:
200

Јавна локална библиотека ИЛИНДЕН Делчево

# Дали?

Дали ќе ме паметите

кога веќе нема да можам да зборувам,

нема да можам да создавам, да кажам, да испеам?

Дали ќе ме заборавите кога стих нема да ви посветам,

кога перото веќе сила ќе нема,

кога зборот нема да може да излезе,

кога душата веќе нема да прозбори.

Дали ќе го паметите она што го напишав,

она што го исткајав со зборови, она што го позлатив?

Или......клуч ќе немате од моето минато,

од моето дело,

од мојата светлина.

Дали ќе ме паметите кога устата веќе леб не ќе пушти

кога раката веќе дар не ќе дари,

кога перото веќе не ќе сведочи.

Дали убав збор ќе кажете,

кога раката веќе не ќе може,

кога срцето веќе сила ќе изгуби,

кога перото веќе стих не ќе пушти?

# Градот

Мириса езерото, Сонцето се буди,

нежни бранови ми ја галат душата,

ме допираат, ме бакнуваат,

мириса езерото, зборува изгрејсонцето.

Градот е полн со луѓе,

мостот неуморно стои, зборува со езерото

со реката, со поетите.

Мечтаам за мојот сон,

за поезијата, за мостот,за тебе најубав граду.

Денот минува,

а ноќта ,полека, на прсти излегува,

а во мене искра, надеж ,

жар за ова парче  хартија што ме храни,

за овие стихови што ме водат  кон патеката

за која мечтаам од дете.

Мириса езерото, зборува во ноќта,

тивко,полека...

за да можам да го слушнам Јас

и срцето на поетот.

# Дом

Дом е она парче место

каде секогаш ќе сакаш да се вратиш,

таму,

каде прв пат научи да се смееш, да плачеш,

каде  прв пат научи да се радуваш.

Домот е она место

каде секогаш ќе сакаш некого да најдеш,

некој да те пречека,

некој да те гушне и да ти каже дека те сака.

Дом е онаа куќа

чиј покрив секогаш ќе ти биде светлина,

чиј двор секогаш ќе ти биде топлина

чија врата секогаш ќе сакаш некој да ти ја отвори.

Дом е она парче земја

која секогаш ќе ти биде света,

врата која секогаш ќе ти биде посакувана,

дом е она мало место

кое толку љубов дарува.

# Книга

Дали можам песна да напишам,

дали стих од грло ќе ми излезе,

дали ракава може пак да посведочи,

срцево пак да прозбори?

Дали нова страница ќе посветам,

збор до збор ќе нанижам,

дали книгава ќе ја посветам,

дали судбината ќе ја разберам?

Дали пак ќе имам моќ, сила,храброст

да посведочам,

бајка да создадам,

како поет пак да живеам?

# Молитва

Го молам денот да ми даде светлина,

ноќта да ми даде мир,

судбината да ми даде знак,

небото да ми даде сјај,

за да преживеам и продолжам,

за да се насмеам и заплачам,

за да сакам и мечтаам.

Го молам денот да ми подари спокојство,

ноќта да ми подари топлина,

животот да ми даде мирис,

небото да ми даде очи

за да љубам, да живеам,

да издржам.

Го молам денот да ми подари насмевка,

ноќта да ми подари тишина,

небото да ми подари зрак,

за да зборувам, за да молчам

за да дарувам.

Го молам денот да ми подари мудрост,

ноќта да ми подари ведрина,

небото да ми подари дар

за да пишувам, за да творам

# Моето село

Во моето село посакав да се вратам,

да те видам тебе мила моја,

во моето село посакав багремот да го допрам,

јоргованот да го погалам.

Те паметам ......паметна жена,

висока, стројна, со плетенки,

толку ми беше мила,

толку многу те сакав мила моја бабо!

Насмеана, ведра,  длабоки очи,

глас што ми одѕвонува секогаш,

смеа , радост, тоа будеше кај мене.

Во моето село посакав да се вратам,

со детството да се сретнам,

на прагот пак да те видам ,

пак да те гушнам.

Но залудно, ни селото веќе не е исто,

ни луѓето веќе не се таму,

ни душава веќе не е полна,

ни насмевка веќе можам да сретнам.

Ни чешмата жубори веќе,ни игличките мирисаат веќе,

ни насмевка буди моето село кога во него

ја нема веќе насмевката твоја.

# Надеж

Отвори се мое небо

дај ми надеж ....толку многу ми треба!

Отвори се  срце, исплачи се,

врескај, удирај,

бегај!

Отвори се небесна шир,

подари ми надеж......да продолжам,

по овој пат, по овие сокаци

во оваа темнина.

Пукни срце. ....глас пушти и пак живеј!

Поклета ноќ бегај,

Месечината ми е должна грст надеж,

за мене, за мојата рака, за мојата убавина.

Отвори се мое небо

дај ми надеж... толку многу ми треба!

Отворете се очи,

гледајте,стрелајте , а сепак

топлина дарувајте!

# Зборови

Тешко е кога зборот умира,

кога насмевката се губи,

кога лицето молчи,

а очите зборуваат.

Тешко е кога светлината се губи,

звукот се придушува,

темнината царува ,

а душата боли.

Тешко е кога си сам,

под ова небо,

под ова сонце,

под ова виножито.

Тешко е кога се смееш,

а душата ти гори,

срцето вреска,

а глас не испушта.

Тешко е кога плачеш,

а солзи не течат,

зборови нема ,душата вреска,

а глас не испушта.

# Сонив убав сон

Сонив убав сон,

старата куќа, прагот мајкин,

сонив дека дома се вратив,

земја проклета оставив.

Сонив како во дворот стојам,

цреша мириса,

ветрот ме гали,

музика ја милува мојата душа.

Сонив како туѓина закопав,

нивата дома пак ја здогледав,

полето ширно раце ми подаде,

детето во мене пак прозборе.

Сонив како мириса на леб, топол ,онака убав,

од твоите раце, од срце ,

за мене, за моите деца.

Сонив убав сон,

дека домот пак го најдов,

дека вратата ми беше ширум отворена.

# Пишувам за вас

Започнувам песна,

со перо во рака приказна создавам,

ја обојувам со силата на зборовите,

со реката на спомените.

Создавам стих за да утешам некого,

да внесам мир во нечија романтика,

пишувам песна,  дело на љубовта,

дел од животот,

парче од надежта,

доказ за нежноста.

Со перо во рака пишувам за среќата,

за тагата, за немирот,

пишувам за сите вас,

пишувам со срце полно љубов!

Пишувам , а стихови лебдат,летаат, допираат,

стихови музика создаваат.

# Тешко е

Тешки се зборовите неизговорени,

солзите неисплакани,

миговите недоживеани,

светлината неоткриена.

Тежок е погледот што ништо не кажува,

срцето што ништо не зборува,

душата што заповед не кажува,

очите што збор не испуштаат.

Тежок е животот без насмевка неиспратена,

без воздишка недокажана,

без круна недобиена,

без зборови недоречени.

# Има едни луѓе

Има луѓе што ти е мерак да ги сретнеш,

да ги гушнеш, да ги прашаш,

а има такви  што ти е мерак воопшто да не ги видиш.

Има души што сакаш да ги разбереш,

срца што сакаш да ги слушнеш,

раце што сакаш да ги топлиш,

а има и такви како камен.

Има очи во чиј сјај

можеш да се загубиш од љубов,

да посакаш да потонеш во нивната топлина

а има и такви од кои видот може да ти се загуби,

има збор што може врата да ти отвори,

и такви кај кои ни клуч не помага.

Има луѓе и нелуѓе,

вредност и алчност,

зрак топлина и мрак пред очите,

има сé и ништо,

има ден и ноќ , има престол и дно,

затоа избери пат и добра насока.

# Карпа

Има една карпа голема ,

покрај брегот што стои,

брановите ги гледа секој ден

и не се плаши од силата на невремето.

Има една карпа ,многу е лична,

со чудесни бои, само стои и неуморно гледа.

Секој ден  со брановите си шепоти,

изгрејсноцето го гледа ,

залезот го испраќа со пурпурен куфер,

со весели ноти.

Има една карпа,

покрај брегот што стои,

езерото го чува со волшебни бои,

со палетата своја магија прави,

носи разиграност на сите страни.

# Небо

Го паметам небото тој ден,

необично,  го паметам уште,

беше убаво , преубаво....

А ти, баш  тогаш замина,

без поздрав,

а беше мај, проклет мај.

Затоа небото беше така облечено,

магично, било спремно да ми те земе.

Уште ме боли драга моја,

уште ми се кине срцево,

но ниту една солза не успеа да те врати.

Ми велеа доста е, не плачи,

но ниту една солза не е доволна,

ниту еден збор не  е доволен

за тебе , за сé што имав да ти кажам.

Празнина остана во мене,

небото те зеде , без да знае колку многу те сакам

дури ни ти не знаеше....

Очите се изморија,душава не ми е целосна,

јас не бев подготвена тој ден

но знам  небото беше, тоа знаеше дека доаѓа ангел

тој ден, тој проклет мај!

# Дождови

Паѓајте дождови ,

дувајте ветрови ,силно,бесно ,

паѓајте дождови

да ја исчистите оваа злоба,

да го измените овој валкан свет!

Паѓајте дождови , убави, сребрени,

да го облечете денот во бело,

во чисто,

да го измените сјајот на ноќта.

Паѓајте дождови сега, во овој миг,

за да нема веќе темнина,

за да нема веќе мрак.

# Бегајте!

Кои сте вие проклетници

што влегувате во мојот живот без да прашате?

Кои сте вие црни птици што летате над мојот дом?

Од каде ви право да лутате без да прашате,

да зборувате без да разберете?

Кои сте вие грабливци

што сакате темнина да пуштите

тука, овде, сега?

Какви души носите вие,

какво срце имате,

каков мир имате?

Бегајте грабливци,

бегајте птици проклетници,

бегајте од мојот дом,

сега , утре, засекогаш!

# Пролет

Трепери душата моја, мириса на Пролет,

мириса на љубов, нежна ,убава, чиста како солза.

Мириса на јоргован, на љубов, на волшепство.

Мириса на  Пролет,

игра мојата душа, трепери како прва љубов,

слика од виножито насликано после пролетен дожд,

мириса на љубов,

онака невино , детски, како некогаш,како некаде,

мириса на спомени, на љубов,

мириса на Пролет!

# Манастир

Трчам кон дрвјата,

мирисот на окосена трева ме опива,

цвеќињата ме галат,

водопадот ме смирува.

Манастирот стои,

дарува тишина, спокојство,

во ова бурно време,

буди насмевка полна со живот.

Водата жубори,

како прекрасна грива ,

дава звук придружба на птиците,

а тие пеат, неуморно пеат,

го слават животот.

Очите ми се полнат со солзи,

ама солза не испуштам,

гласот го притискам в гради,

желбата ја чувам за утре.

# Планина

Еве сум пак, дете радосно,со насмевка на лицето,

итам ,трчам кон врвот на планината,

бегам од овие ладни луѓе,од овој студ.

Како мало дете ја допирам радоста,

ги пеам песните,

зборувам со животот,

раскажувам приказна.

Раскош, светлина, среќа,

подавам рака во овој мрак,

допирам ѕвезда,

насликувам месечина.

Очите блескаат, усните радост шират,

за тебе, за мене за сите деца на овој свет!

Итам кон врвот на планината,

знам, ќе успеам да насликам природа,

да создадам мир во оваа планина,

за тебе ,за мене , за сите деца.

# Убаво е

Убаво е да знаеш да зборуваш,

да објавиш војна со говор,

да застанеш на нога

кога веќе еднаш те срушиле.

Убаво е да се исправиш кога те скршиле еднаш,

да леташ и кога ти ги одзеле крилјата.

Убаво е да продолжиш по патот

после многу пречки што ти ги поставиле,

да се искачиш до висината

и кога те фрлиле на дното.

Убаво е да ги поздравиш сите

со грст зборови кога ти одзеле сé,

а ти пак тргнуваш кон кулата.

Убаво е да се закитиш со насмевка

после бурата што те зафати,

да тргнеш неуморно кон врвот

после дождот што се истури.

Убаво е да чекориш неуморно

после неправдите нанесени,

убаво е гордо да иташ , да стасаш

таму каде што те чека некој.

# Бреза

Чекорам од ден на ден,

од миг во миг,

полека ,кроце.....

Чекорам за да дојдам до тебе,

бреза тивка,

река мирна,

природа златна.

Чекорам ,итам за да стасам,

пишувам за тебе катче мое мило,

бреза тивка, мир што ми носиш,

бреза чиста ко солза,

срце што ми галиш,

душа што ми милуваш.

# Залез

Сонцето полека се крие зад планината,

палетата на животот со малку бои,

создава дело на небото,

прекрасна глетка со најубави бои.

Чувствувам немир, желба, страст,

чувствувам копнеж,

потонувајќи во овој рај,

чувствувам мир

потонувајќи во овој залез.

И не можам ,а да не заплачам,

и не можам, а  да не воздивнам,

со секоја една глетка,

со секој еден зрак спомен да не разбудам.

И не можам ,а да не се сетам,

на мирисот, на треперењето,

на залезот, на убавината,

на спомените,на животот.

# Снегулки

Белило, прекрасна покривка,

одблесок, ноќ и танц на снегулките,

танцуваат, нежно на прсти,

волшепство создаваат.

Снегови бели,

друмови наши, снегулка по снегулка

килим прават,бисери редат,

во круг се вртат.

Слаба улична светилка ,

но сепак свети во ноќта,

танцот тече под ова небо,зима моја

нежност буди во моите дланки.

# Главата горе!

Главата горе пријателе бурата помина,

главата горе небото ти пушти знак,

сонцето ти испеа песна,

ја слушаш ли музиката на животот?

Главата горе пријателе солзите истекоа,

изворот на надежта ги сруши сите карпи,

главата горе ,бурата помина,

се стопија сите лавини.

Главата горе , јас сум тука

да ти подадам рака,

да те разнежнам, да те оживеам ,

да те гушкам, да го победам мракот,

да ја срушам темнината.

# Заедно ќе остариме

На секого му е потребна човечка душа,

личност која рака ќе му подаде,

насмевка ќе му дари кога му е тешко,

ќе чекори со него во најубавите мигови.

За мене  тоа си ти, моја драга пријателке,

секогаш насмеана,

со разбирање, со искрен збор,

спремна секогаш да ми помогнеш.

На секого му е потребен некој со кој ќе остари,

ќе се смее на спомените,

на младоста, на детството,

на секого му е потребна сродна душа.

Ти ветувам пријателке моја заедно ќе остариме,

заедно ќе го изодиме овој пат,

заедно ќе успееме, ќе се смееме,

радост в срце ќе носиме.

И кога ќе бидеме стари,

пак ќе бидеме вака добри,

со полно срце, со многу сеќавања

и безброј спомени.

# Поетот од Париз

Замислена лутам по твоите улици,

пред мене стоиш  прекрасен,

чуден,интригантен,

О......Мој Париз....

Ја создавам својата приказна низ твоите улици,

раскажувам за љубовта,

брзам,итам....

Ги гледам сликарите од другата страна на Сена,

го сликаат животот, раскажуваат

за нечија мечта, за нечија романса

за поетот од Париз.

Цвеќињата ширaт топлина,

мостовите зборуваат за нас,

парковите  пеат волшебно,

за градот, за светлината,

за магијата на Париз.

Стихови излегуваат од мојата рака,

книга пишуваат за кулата,

за паркот, за полињата,

за љубовта,

за занесот, за поетот што го создадов,

за поетот од Париз.

# Дете

Убаво е да си дете,

мало , радосно, со љубов полно,

да трчаш и пееш,

вистински да живееш.

Тогаш не тагуваш многу,

болка нема, ниту презир во твоите очи,

сите ги гушкаш, топлина делиш.

Убаво е да си дете,

мирисно цвеќе

со најубави бои, кула на среќа,

дом исполнет со смеа.

Трчаш по ливада бос,

се храниш од мирисот на природата,

се топлиш од зракот на Сонцето,

заспиваш со песната на ѕвездите.

# Учител

Секое дете си има своја приказна,

секое лице различен сјај,

секоја желба носи љубов,

а ти треба да ги научиш.

Бог ти дал дарба,

да можеш книга да им прочиташ,

песна да им подариш,

слово да им пренесеш.

Бог ти дал сила,

учител да бидеш,

секое дете в срце да ти биде,

да бара совет, да бара искра во твоето срце.

А тие се толку мили,

со очиња што блескаат,

ука што бараат, со желба големи да станат,

светот да го научат,

тајните на животот да ги примаат за свои.

Тешко е , знам,

ама Бог баш тебе те избрал учител да бидеш,

со копнеж за незнајното,со надеж за убавото,

приказна да си напишаат за своето детство.

# Златокоса моја

**И**скра во утрото, зрак светлина те гали по лицето,

**з**а тебе пеам , златокоса моја, нежност моја ,

**а** твоите очи верувај ми, топлина разлеваат , блескаат.

**Б**лагослов си ти од Бога малечка моја, златокоса моја!

**Е**зерски бранувања се твоите очи, бисери се тие,

**л**ек се тие , убавице моја за сета болка што ја преживеав,

**а** сега слушни ме, слушни ја песната за тебе златокоса моја!

**Н**адеж разбуди во мојата душа,

**а** толку бев изгубена,

**Ч**асовникот како да беше против мене,

**О**дмор разбуди на моето лице,

**В**истината ја направи магична,

**С**енките ги претвори во заборав,

**К**нигата на животот ја започна ти

**И** сега песна ти пишувам златокоса моја, за тебе, за твоите очи.

# Есен

Есен, златна есен, лисја наоколу, дожд.....

Мириса на уште....

Секогаш ми беше тажна есен моја,

секогаш некоја тага ме облеваше,

секогаш чудно чувство в крвта ми минуваше...

И тогаш, таа ноќ видов едно мало лице,

едно мало дете,

една душа моја,

еден плод на безвременска љубов.

Моја Есен , златна есен,

ти повеќе не беше тажна,

ти повеќе не ме убиваше со твојот дожд,

ти повеќе не ме мачеше со твоите солзи..

И нема веќе мрак.    нема веќе темнина..

детски плач ме разбуди во таа ноќ,

таа дождлива ноќ......и да....

Те сакам моја есен, те сакам како никогаш порано

зошто ми подари едно прекрасно дете,

една мала душа,

една мала искра,

една голема желба,

еден вистински свет.

# Убаво дете мое

Мило мое, малечко мое

убаво дете мое,колку убаво мирисаш!

Твоите очи како цреши, твоите усни како мелем

твојата насмевка љубов зрачи!

Тој убав ден кога се роди беше пролет,

најубава пролет,

сонцето ми се насмеа после долго време,

срцето ми затрепери од радост.

Ах колку само си убаво,

твоето мало раче, твоето мало носе,

твоето срце што в градите чука,

твоето лице  за мене живот донесе.

Мило мое, малечко мое,

убаво дете мое , колку љубов ти ми донесе,

колку вера в срце ми всади,

колку надеж ти ми подари.

# На моите деца

Во мојата куќа секогаш ќе Ве чека

катче, парче за секој од вас,

место за вас деца мои,

бисери најубави.

Мајка секогаш прегратка ќе ви дарува,

и кога сте тажни и кога сте среќни,

за вас срцево секогаш ќе бие,

душава ќе ви пее сé дур има сила.

Небото ќе го облечам во најубави бои

ќе ви подарам безброј приказни,

убави зборови , мудрост,

за да знаете дека тука има некој што ве чека.

Ќе ве гушкам и заспивам сега

кога сте мали, ќе се искачувам со вас

кога ќе растете,

ќе ве чекам дома ,

на прагот кога радосни ќе се враќате.

Ќе ве сакам лебеди мои,

ќе ве топлам со мојата насмевка,со овие раце,

ќе ве гледам со овие очи што живот ви дарија.

# Старата клупа

Сите имаме по некоја стара клупа полна со спомени

изрезбани две имиња,

магично место обоено со љубов,

патека златна полна со надеж.

Старата клупа уште стои,

приказна раскажува

за две срца,

за четири очи кои блескаа под багремот.

Сите ние имаме  стара клупа

која зборува во тишината,

под сенката,

под мирисот на багремот.

Старата клупа раскажува без здив,

со сјај, со магија ,

за нас, за љубовта, за младоста.

# За тебе

Сé би дала да си тука,

за еден допир,за една насмевка, за еден миг,

за една нежна искра,

за еден убав збор.

Срце би ти отворила пак,

да влезеш во него тивко , нечујно,

да ме погалиш по коса,

да ми шепотиш во ноќта.

Сé би дала пак да го видам тој сјај

во твоите очи,

таа топлина што зрачи,

таа убавина што блеска, што убива.

# За нас

Ноќ, длабока , тивка,

ѕвездена патека послана за на нас,

ширно море пее за љубовта,

Месечината раскажува за искрата.

Ѕвездите шепотат,

боите оживуваат, светлината дава знак,

небото пее, шири крилја

за танц  на знаесот.

Две срца сплотени,

зборуваат, чукаат ,воздивнуваат,

две души танцуваат

под ова небо, под оваа светлина.

# Разделба

Замина без збор, без збогум,

се свpте и пустош остави,

не ме ни праша дали сакам да одиш...

Разделба без крај, солзи остави,

душава ја уби.

Но, јас пак ќе пеам, ќе живеам

ќе го изодам патот  по кој требаше да ме држиш за рака,

да ме гушкаш, едноставно да ме сакаш.

Не барав многу, само грст насмевки,

убави зборови, топли очи

и љубов искрена.

Замина без збогум,

отиде некаде далеку,

побегна од моите очи, побегна и остави мирис на тага.

Но, јас ќе упеам, ке се смеам

ќе продолжам таму каде што ме заборави.

# Твоите очи

Го барам твојот поглед, твоите очи,

твојата насмевка,

твојот немир, твојот глас,

твоето срце полно со љубов.

Твоите очи бисери два,

твоите раце лебеди бели,

твоите зборови ,

вистински лек.

Твоите очи цреши две,

твоите усни надеж што носат,

твојата прегратка

спокојство што дарува.

И кога е ден и кога ноќ ќе падне,

само твојот поглед живее,

твоите очи зборуваат,

приказна кажуваат.

# Љубов

Ти си мојата друга половина,

љубов моја...љубов  најголема,

волшебна,магична.

Ти си мојот свет , мојата душа,

мојот мир и немир,

мојот спокој и мојот сјај.

Без тебе би била загубена,

пуста....сама. .. несигурна.

Ти ми даваш сила,

верба ..... да живеам,

љубов. .... да успеам,

надеж .... да продолжам.

Ти си мојот сон,

моја светлина, моја патека,

моја мудрост , ти си мое сé,

мое срце, моја душа, моја иднина.